09-349/5
13-03-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29 - та седница, одржана на 10.03.2026 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

Постапката по предметот со бр. 09-3415/1 од 24.12.2025 година, оформен по поднесена пријава против службеното лице ------------ – член на Советот во општина ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема постапување спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3415/1 од 24.12.2025 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител, со наводи за неспоивост на функции и судир на интереси кај лицето -------- кој е избран за член на Совет во општина --------, вработен во ---------- полиција на работно место ВД Командир и член на општински комитет на ----------, -----------. Во пријавата се наведува дека лицето истовремено врши раководна извршна функција во државен орган со полициски овластувања, избрана функција во орган на локална самоуправа и активна партиска фуннцкија. Како в.д командир во --------- полиција, лицето располага со хиерархиски оперативни и одлучувачки овластувања. Како член на Совет во општина учествува во донесување одлуки, програми и акти од локално значење, вклучително и во области кои можат да имаат допирни точки со надлежностите на државните органи (управување со природни ресурси,

меѓуинституционална соработка, буџетски средства). Истовремено, членството во општински комитет на политичка партија претставува активна и организирана партиска функција, со влијание врз локалните политички процеси. Понатаму, во пријавата постојат наводи дека лицето е член на управен одбор на општински фудбалски сојуз како и делегат на натпревари во фудбалска лига како и член на Училишниот одор во ООУ „--------------------".

Државната комисија со цел за утврдување на фактичката состојба испрати допис до ООУ „ ----------------" со барање да се достават податоци, во врска дали лицето ------------ е член на Училишен одбор при училиштето. Со допис од страна на ООУ „---------------" доставено е известување дека лицето ------------ не е член на Училишен одбор дека иститот има поднесено оставка на 14.11.2025 година заведена под арх.бр. 03-1563/1-1.

Имено, согласно член 82 –б став (1) и (2) од Законот за шумите („ Службен весник на РМ бр. 64/09):
„ (1) Вработените во шумската полиција со статус на овластени службени лица имаат посебни должности и овластувања, утврдени со овој и друг закон, поради видот, сложеноста и тежината на работата, како и условите и начинот на нејзиното вршење.
(2) Во шумската полиција вработените имаат статус на:
- овластени службени лица, согласно со овој закон и Законот за вработените во јавниот сектор и
- административни службеници, согласно со Законот за административните службеници."

Согласно член 82 - ѓ став (2) од Законот за шумите („ Службен весник на РМ бр. 64/09):
„ (2) работните места на работниците во шумската полиција се класифицираат во две категории, и тоа:
- категорија А - раководни работници и
- категорија Б - стручни работници."

Согласно член член 82-е став (1) од Законот за шумите („ Службен весник на РМ бр. 64/09):
„(1) Во рамките на категоријата А раководни работници се утврдуваат четири нивоа на работни места: ниво А1 раководител на шумска полиција, ниво А2 помошник раководител на шумска полиција, **ниво А3 командир** и ниво А4 заменик командир."

По разгледување на пријавата и по утврдување на фактичката состојба, Државната комисија, имајќи ги предвид погоре цитираните одредби од Законот за шумите,

утврди дека работните места во ----------- полиција, вклучително и нивото А3 – командир, се класифицирани како работни места на овластени службени лица (вработени во јавен сектор), а не се избрани или именувани лица во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Во конкретниот случај, лицето ----------- работните задачи на работното место В.Д. Командир ги извршува врз основа на договор за вработување, односно статус на вработен во државен орган. Со оглед на тоа што функцијата член на Совет на општина е неспојива само со извршување на друга избрана или именувана функција, а не и со статус на вработено лице, во конкретниот случај не се утврди прекршување на одредбите од член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, согласно член 44 е предвидено следното:
"(1) Избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и законите.
(2) Функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, член на совет, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа се неспојливи една со друга.
(3) На избраните и именуваните лица, чии функции се извршуваат професионално, работниот однос им мирува согласно со закон.
(4) Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.
(5) Избрано или именувано лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице со доминанен државен капитал не може да врши функција на член на управен одбор или на друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит.
(6) Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.
(7) На службено лице кое е вработено во локалната администрација, ако биде избрано за член на совет на општина, односно градот Скопје, работниот однос му мирува согласно со закон, со денот на верификацијата на мандатот на член на совет.„

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија утврди дека во конкретниот случај нема елементи за понатамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. - член на ДКСК